Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА п.о.
Бр. 0202- 598/3
24. 07. 2024 год.
Радовиш

Врз основа на чл.15 од Статутот на ЈП ,,Плаваја,,- Радовиш а согласно чл.23 ст.2 од Одлуката за комунален ред на Советот на општина Радовиш, Законот за комунални дејности како и Законот за јавните претпријатија, Управниот одбор на ЈП Плаваја-Радовиш на одржаната седница на 24.07.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за фактурирање по зголемена цена за потрошена вода над 30м3 по мерно место(водомер) за физички лица

Член 1

Корисникот на услуги може да потроши најмногу до 30м3 вода по мерно место(водомер) месечно.

Потрошената вода над оваа количина ЈП Плаваја-Радовиш да ја пресметува по зголемена цена која ке изнесува 1,3 пати повеќе од утврдената тарифа за физичките лица во Решение на РКЕВУ Скопје УП1 бр.08-436/23 од 13.06.2024 година.

Член 2

Мерката од чл.1 има за цел штедење на водата како еден од начините за заштита на неконтролираната потрошувачка на вода и да ги мотивира корисниците на услуги свесно и совесно да ја употребуваат и трошат водата за пиење.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ке започне со примена од 01.07.2024 година, со сметките за месец 07/2024 кои излегуваат и се доставуваат во месец 08/2024.

Претседател на У.О

Наце Димитријев

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП „ПЛАВАЈА“ Радовиш
Примено: 30-08-2024
| Орг. един. | Број | Предлог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0201 | 69811 | | |

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 21 од Статутот на општина Радовиш, а во согласност со член 23 став 2 од Одлуката за комунален ред на Советот на Општина Радовиш,

Советот на Општина Радовиш на LII седница одржана на 06.08.2024 донесе:

# О Д Л У К А

за давање Согласност на Одлука за фактурирање по зголемена цена за потрошена вода над 30м³ по мерно место(водомер) за физички лица донесена од Управен Одбор година ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-598/3 од 24.07.2024

член 1

Се дава Согласност на Одлука за фактурирање по зголемена цена за потрошена вода над 30м³ по мерно место(водомер) за физички лица донесена од Управен Одбор година ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-598/3 од 24.07.2024.

член 2

Одлуката да се достави до Управен одбор на ЈП Плаваја Радовиш.

член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Радовиш„ , а ќе се применува од 01.07.2024 година со сметките за месец 07/2024 кои излегуваат и се доставуваат во месец 08/2024 година.

Број 08-1083/1
Дата 06.08.2024 година
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Страхил Гавритов

Јавно претпријатие за комунални дејности
ЈП.-ПЛАВАЈА- Радовиш

| Примено: 30.08.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0201 | 698/2 | | |

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоупава(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на општина Радовиш, Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување
на Одлука за давање Согласност на Одлука за фактурирање по зголемена цена за потрошена вода над 30м$^3$ по мерно место(водомер) за физички лица донесена од Управен Одбор година ЈП Плаваја Радовиш
бр.0202-598/3 од 24.07.2024

Ја прогласувам и објавувам одлуката за давање Согласност на Одлука за фактурирање по зголемена цена за потрошена вода над 30м$^3$ по мерно место(водомер) за физички лица донесена од Управен Одбор година ЈП Плаваја Радовиш бр.0202-598/3 од 24.07.2024, бр.08-1083/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 06.08.2024 година.

Број 09-1083/2
Дата 06.08.2024 година
Радовиш

Градоначалник
на Општина Радовиш
Ацо Ристов